ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ***

**З А П И С Н И К**
**од трета форумска сесија**
**24.11.2023 година Општина Крива Паланка**
**почеток во 12:00 часот**

**Вовед:**

**Третата форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка се одржа во ООУ Свети Јоаким Крчовски (атриум сала во Партизан), во периодот од 12:00 до 15:00 часот. На третата форумска сесија присуствуваа 63 граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:**

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 63 | 37 | 26 |

**Програма на сесијата**(точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

**ДНЕВЕН РЕД**

| | |
|---|---|
| 12:00-12:10 | Добредојде, дневен ред и цели на третата форумска сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на записникот од втората форумска сесија |
| 12:10-13:30 | Презентација на расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2024 година (-**Програма за економски развој,**<br>**-Програма за култура,**<br>**-Програма за уредување на градежно земјиште**) презентација,<br>-дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 13:30-13:45 | Пауза |
| 13:45-14:45 | Презентација на расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2024 година (- **Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа,**<br>**-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа,**<br>**-Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување**) презентација<br>-дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:45-15:00 | Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група за расходите, информација за термин за 4 форумска сесија и оценка на форумската сесија |

**Записник од сесијата:**

## Т.1. Добредојде, дневен ред и цели на третата форумска сесија

На почетокот на третата форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на „Родово одговорен буџетски форум“. Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2024 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања и дискусии треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината за реализација на приоритетни проекти, а не исклучиво од нивните желби, потреби и проблеми, колку и да се тие од приоритетен карактер.

## Т.1.1 Утврдување на дневниот ред за работа

Модерторот го презентираше дневниот ред и целите на третата форумска сесија, појаснувајќи дека на третата сесија ќе биде презентирани дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

### Т.1.2 . Усвојување на записникот од втората форумска сесија

Модераторот Митовска потсети на работата на втората форумска сесија. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од втората форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија.

Потоа записникот од втората форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот

### Т.1.3 Распределување по работни маси

1. работна маса – Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – 9 членови
2. работна маса –Јавни дејности - 9 членови
3. работна маса – Комунални дејности – 11 членови
4. работна маса – Култура - 10 членови
5. работна маса – Економски развој - 9 членови
6. работна маса – Општинска администрација – 7 членови
7. работна маса – Оперативна група – 7+1 членови

**Т.2. Презентација на Расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на Општина Крива Паланка за 2024 година**

Презентациите на планирани расходи по буџетски програми ги презентираше раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков и Антонио Давитовски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ.

На третата форумска сесија беа презентирани вкупно шест буџетски програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмата за 2024 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Антонио Давитковски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ, презентираше две програми : -**Програма за економски развој, -Програма за култура** за 2024 година во Општина Крива Паланка . Додека: раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков презентираше четири програми**, -Програма за уредување на градежно земјиште,** -**Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа, -Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа, -Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување за 2024 година во Општина Крива Паланка.**

**Т.2.1 <u>Презентација на Расходи по Програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>**

Презентација на расходите по Програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2024 година презентираше Раководителот на на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ - Антонио Давитковски.

По презентацијата на расходите по Програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Програма за еконмски развој</u>**
**<u>во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програма за економски развој за 2024 на подрачјето на Општина Крива Паланка презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата формуска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Финансиска поддршка за индивидуални земјоделци за производство и пласирање на земјоделските производи (инвестирање во систем капка по капка, конструкции за фолии).<br>2.Поддршка за добивање на ознаки за препознаен производ, а со тоа пласман за истите. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска |
| 3.Изградба на трговски центар<br>-предлог : Outlet со познати брендови. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 4.Субвенционирање на процесот на сертифицирање на органското производство на индивидуалните земјоделци.<br>5.Субвенции за процесот на органско производство. | Комунални дејности- Жаклина Цветковска |
| 6.Реконструкција и адаптација на Манастирскиот Ан за | Култура- Мира Ѓоргиевска |

| | |
|---|---|
| продажба и промоција на локални производи-проектот би се реализирал како јавно-приватно партнерство.<br>7.Програма за поддршка за преадаптација на стари куќи во сместувачки капацитети. | |
| 8.Мапирање на велосипедски рути.<br>9.Субвенционирање на туристички агенции од странски земји. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| | Општинска администрација |

## Т.2.2 Презентација на Расходи по Програма за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година

Презентација на расходите по Програма за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година презентираше Раководителот на на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ - Антонио Давитковски.
По презентацијата на расходите по Програма за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која за збор се јави:

-Михаела Јнаковска од работна маса јавни дејности истакна дека како член на културно уметничко друштво 8ми Октомври предложи дека треба да бидат вклучени како учесници на повеќе културни настани.

-Исто така за збор се јави и Зоран Станковски од работна маса урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина истакна дека како член на Еколошко акцијашко здружение имаат соработка со сите земји од поранешна Југославија и често биле поканети на средби и како гости оделе во Босна, Хрватска, Словенија..., би сакале и тие да бидат домакини и да ги поканат на средба во нашиот град, но не се во можност сами да ги угостат тоа би можеле само да го направат ако имаат помош од општината.

## Предлози по Програмата за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:

| **Предлози по Програмата за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Информираност за културни настани да биде благовремено-навремено од центар за култура.<br>2.Еднаш неделно граѓаните да следат филм, театарска претстава<br>3.Отварање младински културен центар. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска |
| 4.Организирање на театарски претстави за одбележување на денот на детето 20-ти Ноември (од страна на младите со поддршка од општината). | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 5.Фествал на младинска алтернативна-независна културна сцена.<br>6. Младински креативен центар.<br>7.Поддршка на локалното издаваштво. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |

| | |
|---|---|
| 8.Фонд или програма за инвестиции во центарот за култура за системско решавање на проблемот со организирање настани на отворено.<br>9.Набавка на монтажна бина.<br>10.Набавка на возило за транспорт.<br>11.Опрема за озвучување. | Култура – Мира Ѓоргивска |
| 12.Изложба на ракотворби.<br>13.Објава на програмата на Tripadvisor. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| | Општинска администрација – |

**Т.2.3 <u>Презентација на Расходи по Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>**

Презентација на расходите по Програмата за уредување на градежно земјиште презентираше Раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков. По презентацијата на расходите по Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Санација на сите оштетени патни мрежи, свлечишта одливни канали предизвикани од временските непогоди (изработка на проектна документација). | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Наташа Колевска |
| /// | Јавни дејности |
| 2.Уредување-поврзување на ул. Македонска со Лилаков Мост (Трновска маала). | Комунални дејности– Жаклина Цветковска |
| /// | Култура |
| 3.Изградба на капела на старите градски гробишта. | Економски развој – Снежа Костовска |

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

| | |
|---|---|
| /// | Општинска администрација |

**Т.2.4 <u>Презентација на Расходи по Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>**

Презентација на расходите по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка презентираше Раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков. По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.
Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

## <u>Предлози по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:</u>

| **Предлози по Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Реконструкција на оштетената патна инфраструктура од елементарните непогоди, одливни канали, потпорни стени.<br>2.Поставување на соодветен пристап на клучката од 4-те згради во населба Бавчалк кон мостот со 5-те згради од спротивната страна на реката и мостот Бегови бавчи кон пролетер, пешачкиот мост кај гимназијата. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Наташа Колевска |
| 3. Се согласуваат со програмата на општината. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 4.Изградба на пат кон с.Дренак , во функција на туристичкиот развој.<br>5.Поврзување со Злетовица. | Комунални дејности –Жаклина Цветковска |
| 6.Асвалтирање на ул. Климент Охридски од Болничка ливада-резервар (проценета должина 100 m). | Култура –Сашко Додевски |
| 7.Иницијатива и поддршка на општината за санирање на свлечиште на регионалниот пат за с.Огут во Населба Домачки Дол. | Економски развој – Ратка Ристовска |
| 8.Крстов Дол 1,5 km локален пат.<br>9.Улица покрај Дурачка Река (од НУЦК до Маневци). | Општинска администрација – Бранко Велиновски |

**Т.2.5. Презентација на Расходи по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година**

Презентација на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа презентираше Раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков. По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.
Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

## Предлози по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:

| **Предлози по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Редовно одржување на канализациона мрежа (шахти, отпусни канали-пропусти –кај болница, -кај пролетер и други места во градот- атмосферска вода.<br>2.Позачестени анализи на водата за пиење. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска |
| 3.Решавање на проблемот со колекторот/канализацијата кај големиот мост кај Мизовски ливади поради непријатната миризба. | Јавни дејности - Михаела Јанковска |
| 4.Решавање на проблемот од комунална инфраструктура преку поврзување на нов колектор (исклучување од стар колектор) на потег зад градинка (Јоскова бавча). | Комунални дејности –Жаклина Цветковска |
| /// | Култура |
| 5.Замена на одводните цевки во станбените заедници-колективни згради.<br>. | Економски развој – Мира Николовска |
| 6.Технолошка вода (Станечка река).<br>7.Санација на селски водовод.<br>8.Фекална канализација за с. Жидилово.<br>9.Фотоволтаици на пумпи за вода.<br>10.Поврзување на Манастир со Градски водовод.<br>11.Ставање во функција на вирови Грамаѓе. | Општинска администрација – Антонио Давитковски |

**Т.2.6. Презентација на Расходи по Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година**

Презентација на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување презентираше Раководителот на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков. По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.
Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**Предлози по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување на Општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на третата форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Предлог за инсталирање на фотоволтаична централа за потребите на уличното осветлување кое со продолженото плаќање може да се отплати и за неколку години- да имаме улично осветлување кое само ќе се отплати. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Зоран Станковски |
| 2.Поставување на фотоволтаични светилки во рурални населби каде нема јавно осветлување.<br>3.Осветлување на улицата Климент Охридски потег кантина-воен резервоар. | Култура– Сашко Додевски |
| 4.Да се зголеми осветлувањето на главна улица од фурна Малеш кон долниот дел на градот и на потег обложувалница Моцарт кон населба Чука.<br>. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 5. С-МЕТЕРИНГ. | Општинска администрација – Антонио Давитковски |

По презентацијата, од страна на модераторот беше отворена дискусија по стратешките развојни приоритети на општината.

**Т.3. Формирање на работна група**

Од секоја работна маса беа номинирани членови на работната група кои ќе се состанат и ќе дискутираат за дадените предлози од страна на форумот. Работната група е во состав:

1. Лукас Стојановски
2. Михаела Алексовска
3. Нена Стоименова
4. Драгана Цветковска
5. Мишо Младеновски

6. Михаела Јанковска
7. Марица Николовска
8. Жаклина Цветковска
9. Сашо Цветковски
10. Јорданчо Миневски

Состанокот на работната група е закажан за 29.11.2023 (среда) година

## Т.4. Договор за следна работилница и форумска сесија и затворање на сесијата

Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на третата форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на четвртата форумска сесија, закажана за **01.12.2023 год.(петок** ).

**Оперативна група:**

1. **Мартин Николовски – координатор**
2. **Лилјана Стојановска - член**
3. **Анкица Јаќимовска– член**
4. **Гордана Ристовска - член**
5. **Даниела Милошевска – член**
6. **Виктор Петровски – член**
7. **Емил Додевски – член**

**Завршен параграф:**
Вторатa форумска сесија заврши во 15:00 часот.

**Записникот го подготви:**
**Анкица Јаќимовска**

**Модератор на форумот**
**Лидија Митовска**

**Координатор на форумот**
**Секретар на Општина Крива Паланка**
**Мартин Николовски**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175  1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk